# МУГРИ

ВЕСНИК НА ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРИ ООУ „КОЧО РАЦИН“-ОХРИД

ЈУНИ 2025

„Ние сме работници,
ние сме луѓе –
ние сакаме светлина,
сакаме ден!“



# СОДРЖИНА





1.ПОЗДРАВЕН ЗБОР ОД ДИРЕКТОРОТ

2.ПСИХОЛОШКИ АГОЛ: МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ – ПРЕПОРАКИ И ПОДДРШКА

3.НАШИТЕ УСПЕСИ: НАТПРЕВАРИ, ПРИЗНАНИЈА И ПОСТИГНУВАЊА

4. КРЕАТИВЕН АГОЛ: ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ И ЦРТЕЖИ ОД УЧЕНИЦИТЕ

5.ПРОЕКТИ И СОРАБОТКИ: УЧИЛИШТЕТО КАКО ПАРТНЕР ВО ЗАЕДНИЦАТА

6.ЕКО-ВЕСТ: ЕКОЛОШКИ АКЦИИ И ОДРЖЛИВИ ИНИЦИЈАТИВИ

7. ЗОНА НА НАЈМАЛИТЕ

8. ГЛАСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ: АКТИВНОСТИТЕ НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА




ОД ДИРЕКТОРОТ

## „КОЧО РАЦИН- НАШЕТО ИМЕ, НАШАТА ГОРДОСТ И ИНСПИРАЦИЈА“

ПОЧИТУВАНИ УЧЕНИЦИ, РОДИТЕЛИ И КОЛЕГИ,
КОГА ЌЕ СЕ КАЖЕ „КОЧО РАЦИН“, СЕКОГАШ АСОЦИРА НА НЕШТО ВРЕДНО И ЗНАЧАЈНО. ЗА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, ОВА ИМЕ НЕ Е САМО СИМБОЛ- ТОА Е ЖИВО НАСЛЕДСТВО ШТО НЕ ПОВРЗУВА СО НАЈДОБРИТЕ ТРАДИЦИИ НА МАКЕДОНСКАТА ПРОСВЕТА, КНИЖЕВНОСТ И СОЦИЈАЛНА ПРАВДА.
КОЧО РАЦИН НЕ БЕШЕ САМО ПОЕТ, ТОЈ БЕШЕ РЕВОЛУЦИОНЕР НА ЗБОРОТ И ДЕЛОТО, ЧОВЕК КОЈ ВЕРУВАШЕ ДЕКА ОБРАЗОВАНИЕТО И КУЛТУРАТА СЕ НАЈМОЌНИТЕ ОРУЖЈА ЗА ПРОМЕНА. НЕГОВАТА ЗБИРКА „БЕЛИ МУГРИ“ НЕ САМО ШТО ГО ПОСТАВИ ТЕМЕЛОТ НА МАКЕДОНСКАТА СОВРЕМЕНА ПОЕЗИЈА, ТУКУ И ИМ ДАДЕ ГЛАС НА ОНИЕ КОИ НИКОГАШ НЕ БИЛЕ СЛУШНАТИ.
КАКО УЧИЛИШТЕ ШТО ГО НОСИ НЕГОВОТО ИМЕ, НИЕ ИМАМЕ ОСОБЕНА ОДГОВОРНОСТ:
-ДА ГИ НЕГУВАМЕ ХУМАНИТЕ ВРЕДНОСТИ ШТО ТОЈ ГИ ЗАСТАПУВАЛ, СОЛИДАРНОСТ И ЉУБОВ КОН ЗНАЕЊЕТО
-ДА СОЗДАВАМЕ КРИТИЧКИ МИСЛИТЕЛИ КОИ, КАКО РАЦИН, ЌЕ СЕ ПРАШУВААТ, ИСТРАЖУВААТ И ПРЕДЛАГААТ РЕШЕНИЈА
-ДА БИДЕМЕ МОСТ ПОМЕЃУ МИНАТОТО И ИДНИНАТА, ЧУВАЈЌИ ЈА МЕМОРИЈАТА, НО И ИНСПИРИРАЈЌИ НОВИ ДОСТИГНУВАЊА.
ВО ОВА ИЗДАНИЕ НА НАШИОТ ВЕСНИК, ЌЕ ВИДИТЕ КАКО НАШИТЕ УЧЕНИЦИ ГО ТОЛКУВААТ РАЦИНОВОТО ДЕЛО НА СОВРЕМЕН НАЧИН. ОД ПОЕТСКИ НАТПРЕВАРИ, ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ, СЕ ДО ДРЖАВНИ НАГРАДИ, ТИЕ ПОКАЖАА ДЕКА РАЦИНОВИТЕ ИДЕИ СЕ ЖИВИ И АКТУЕЛНИ.
КОГА ЕДЕН УЧЕНИК ТРИУМФИРА, ЦЕЛОТО УЧИЛИШТЕ ДИШЕ ПОИНАКУ.
ДОДЕКА СО ГОРДОСТ ГО НОСИМЕ ИМЕТО НА ГОЛЕМИОТ РАЦИН, ЗА ПОСЛЕДЕН ПАТ СЛАВИМЕ УСПЕСИ ВО НАШАТА СТАРА ЗГРАДА, ЗА ДА ОД СЕПТЕМВРИ ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА ПИШУВАМЕ ИСТОРИЈА ВО НОВАТА, МОДЕРНА УЧИЛИШНА ЗГРАДА.
СТАРИТЕ ЅИДОВИ ЌЕ ОСТАНАТ ВО НАШИТЕ СПОМЕНИ, НОВИТЕ ЌЕ СТАНАТ СЦЕНА НА НАШИТЕ ИДНИ ТРИУМФИ!
СИТЕ ВЕ ПОТТИКНУВАМ: БИДЕТЕ ДОСТОЈНИ НА ИМЕТО ШТО ГО НОСИТЕ! ВАШИТЕ ТВОРЕЧКИ ИСКРИ, ВАШАТА ЖЕЛБА ЗА ЗНАЕЊЕ И ВАШАТА ЧОВЕЧНОСТ СЕ НАЈДОБРИОТ ПРИДОНЕС КОН ОПШТЕСТВОТО.
СО НЕПОКОЛЕБЛИВА ВЕРБА ВО ВАШИТЕ СПОСОБНОСТИ,
СЛАВИЦА КОТЕСКА
ДИРЕКТОР НА ООУ „КОЧО РАЦИН“- ОХРИД





## Од психологот





**Како да го подобриме своето ментално здравје?**

**Драги ученици и родители,**

**Во нашето училиште, грижата за вас не значи само да добиете добри оценки, туку и да бидете среќни, здрави и задоволни. Вашето ментално здравје е основа за тоа, а денес сакам да ви споделам неколку практични начини како сите ние – особено вие, учениците – можете да го подобрите и зајакнете.**

**За учениците:**

1. **Пронајдете време за себе. Секој ден одвојте барем малку време да направите нешто што ве радува – читање, цртање, слушање музика, шетање на свеж воздух... Тоа ви дава енергија и го смирува умот.**
2. **Грижете се за својот сон. Квалитетниот сон е клучен за расположението и концентрацијата. Обидете се да одите на спиење и да станувате во слично време секој ден.**
3. **Разговарајте со некого кога сте под стрес. Не чувајте ги сите мисли и чувства во себе. Споделувањето со другар, родител или наставник многу помага.**
4. **Вежбајте физичка активност. Дури и кратка прошетка или игра надвор може да ви помогне да се чувствувате подобро.**
5. **Поставете реални цели. Немојте да очекувате да бидете совршени, туку направете го најдоброто што можете.**

**За родителите:**

**Вашата поддршка е најважна! Еве како можете да им помогнете:**

- **Почитувајте ги нивните емоции и мислења. Слушајте внимателно, без осуда.**
- **Охрабрете ги да одвојуваат време за одмор и хоби. Балансот е клуч.**
- **Бидете пример за здрави навики. Заедничко време за прошетка или семејна вечера значи многу.**
- **Почитувајте го нивниот ритам. Секој расте и учи свој темпо.**

**Заедно кон поздрав и посреќен живот**

**Училиштето и семејството треба да бидат ваш најголем поттик и поддршка. Кога вие, учениците, ќе се грижите за себе на овие едноставни начини, ќе имате повеќе сила да се справите со сите предизвици што животот ви ги носи.**

**Запомнете: малите навики прават големи промени.**

**„Грижата за себеси не е себичност, туку најголема грижа што можеме да ѝ ја дадеме на нашата душа.“**

**Со почит,**

**Стручен соработник психолог М-р. Сања Наковска**






# ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА ЗА УЧЕБНА 2024-2025 ГОД.



ТЕОНА ШИНИКОСКА

СО ГОЛЕМА ЧЕСТ ЈА ДОБИВ ТИТУЛАТА ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА. ОВА ПРИЗНАНИЕ Е РЕЗУЛТАТ НА ПОСВЕТЕНОСТ, ТРУД И ЉУБОВ КОН УЧЕЊЕТО. ИМ БЛАГОДАРАМ НА ЦЕЛИОТ НАСТАВЕН КАДАР, НА МОЕТО СЕМЕЈСТВО И НА ДРУГАРИТЕ ШТО БЕА ДЕЛ ОД МОЈОТ ПАТ. ОСТАНУВАМ ГОРДА НА СЀ ШТО ПОСТИГНАВ ВО МОЕТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ООУ "КОЧО РАЦИН"-ОХРИД.





# Ученици со пофалба







Цане Јаневски





Јована Војдиноска    Изабела Томановска

# ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС

## ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

**Во срцето љубов расте I-награда**
Во срцето мое,пеперутче лета
над цветче што сјае и тивко цвета.
Тоа е љубов-нежна и светла,
Со душа чиста со мисла ретка.
Љубов е мама,што бакнеж ми дава
и секој ден радост ми создава.
Љубов е тато,со прегратка силна
чија љубов е тивка а секогаш милна.
Љубов е другарчето што тајна чува,
со игра и смеа денот го почнува.
Љубов е маче што гласно мјаука
и со мека шепа нежно ме галка.
Љубов е сонце,љубов е цвет,
љубов е песна за целиот свет.
Таа е дар што не се купува
само со срце,чисто се чува.
Шифра:Јуни
Андреа Милеска V-3

**Љубов кон мама II-награда**
Мамо моја мила
колку си убава,како самовила.
Ти ме негуваш и се грижиш за мене,
ти си таа која ми дава сила.
Толку многу јас те сакам,
твојата љубов е таа што ме води.
Ти ми даде живот,ти мене ме роди.
Малку е зборот благодарам за љубовта
твоја,
ти си единствена во целиот свет.
Со топлината и убавината своја
Поубава си и од најубавиот цвет.

Шифра:НК3888
Одделенска настава
Никола Костоски II-3

**Љубов кон татковината III-награда**
Мала држава на Балканот
А сепак жители со големи срца,
Колку само херои родила
Една и единствена е Македонија.
Држава со три природни езера и безброј планини
Ох,колку е убава
Нашата мила татковина.
Имаме љубов која не се купува
Ја сакаме нашата традиција,
А најмногу си ја сакаме Македонија.
Шифра:Петок 13
Одделенска
Давид Костоски IV-3

# ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС

## ПРЕДМЕТНА НАСТАВА

**Љубов ли е?**
**Долета сама ко птица на прозор,**
**чукна и влезе ко неканет гостин,**
**се всели тивко во срцево кротко,**
**па веднаш ме облеа со чудно чувство.**
**Љубов ли е ?**
**Ме обзеде немир и промени нешто,**
**ми погали срце нежно,ми замати памет вешто,**
**ме обзеде чуден трепет,срце во градиве лупа,**
**се прашав,љубов ли е?**
**Таа  чудна сила ми создава немир,**
**наоколу тивко,во градиве бура,**
**зар на ништо друго не можам да мислам веќе?**
**Вешто ги оттргнувам моите мисли ,**
**Но тоа чувство постојано е тука.**
**Љубов ли е?**
**Ми нанесе чудни рани,ме облеа тапа болка,**
**душата од внатре пишти,**
**а пак сум тивка и кротка.**
**Ќе застанам силно пред неа,**
**љубовта,таа ме довикува мене,**
**Ко мисла што не се оттргнува лесно ,**
**постојано ме тера да мислам на тебе.**
**Љубов е.**

**Изабела Томановска IX-1**
**I-награда**

**Љубовта е пламен што гори во срцата наши,**
**Во светот голем, каде постојано сѐ се менува**
**љубовта е таа што вечно останува.**
**Секое утро љубовта сјае како сончев зрак,**
**таа ни дава радост, го победува секој мрак.**
**Кога месечината ја осветлува бесконечноста,**
**две срца се споија како две ѕвезди во вечноста.**
**Љубовта како нежна мелодија во воздухот се разнесе,**
**душите во нераскинливо единство ги донесе.**
**Таа како нежен ветар ги милува есенските лисја,**
**како сонце секогаш ги топли нашите лица.**
**Таа е како река што тече низ долините на животот**
**и ги носи нашите надежи и соништа кон морето.**
**Во нејзините прегратки наоѓаме утеха и спокој,**
**ја чувствуваме топлината на саканата личност.**
**Секој нежен поглед е дел од оваа симфонија,**
**секој топол збор е дел од оваа мелодија.**
**осветлувајќи го патот на нашиот живот.**
**Таа е сила што ни дава храброст**
**да ги надминеме сите тешкотии.**
**Таа е бескрајна, вечна, непресушна**
**како што е самиот универзум.**
**И додека постоиме, ќе постои и таа**
**зашто таа е смислата на нашиот живот.**
**Софија Секулоска VIII 2 одд**
**.**

**Софија Секулоска VIII-2**
**III-награда**

**Љубов**
**Љубов е глас што не зборува гласно,**
**но шепоти внатре, кога сѐ е мрачно.**
**Не се гледа со очи, ни се мери со збор,**
**таа се чувствува — како возбудлив сон.**
**Не е таа сценарио, ниту филм за крај,**
**туку нешто што блеска со најсветол сјај.**
**Љубов е време без часовник во рака,**
**и чекор без пат, но знаеш — не си сам, има некој што те сака.**
**Љубов е кога некој не ти припаѓа,**
**а сепак во мислите ти седи без да бара.**
**Кога не ја држиш — а таа останува,**
**и без зборови — некако сѐ ти објаснува.**
**И не е тоа слабост, ниту наивна игра,**
**љубов е храброст — да веруваш во нешто што нема сигурна слика.**
**Љубов е почеток што нема завршеток,**
**приказна без крај — и без потреба за превод**

**Теона Шиникоска IX-1.**
**II-награда**

# Ликовен Конкурс

наградени одделенска и предметна настава



I-награда
Бисера Младеноска IV-3



II-награда
Николче Стефановиќ IV-3



III-награда
Драгана Станојевска



I-награда
Изабела Томановска IX-1



II-награда
Анастасиа Јаневска VI-1



III-награда
Марија Тасеска VII-1

# РЕЗУЛТАТИ ОД ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

На Државниот натпревар по македонски јазик кој се одржа на 31.05.2025 година во Скопје, нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

II награда - Меланија Ристеска - VI$^3$ одделение;  ментор Емилија Митреска;

Анастасија Петреска - VI$^3$ одделение - благодарница;
ментор Емилија Митреска;

Даниела Темелкоска - VII$^2$ одделение - благодарница;
ментор Наташа Неданоска.



## НАШИТЕ УЧЕНИЦИ – БЛЕСКАВИ ЅВЕЗДИ НА ЛИТЕРАТУРНОТО НЕБО

Како ѕвезди што светкаат на ноќното небо, така и нашите ученици го осветлуваат литературниот простор со својот талент, љубов кон пишаниот збор и креативна мисла. Нивните стихови, раскази и есеи се инспиративни зраци што ја обојуваат современата литература со свежина и младешки дух. Гордо ги гледаме како се издигнуваат сè повисоко, оставајќи трајна светлина на нашето литературно небо.

Есента е време кога природата се облекува во златни и црвени тонови, а поетите ја прославуваат низ своите стихови. Таа е вистинска инспирација за малите творци кои создаваат стихови прелиени со есенски нијанси.

Осмоодделенката Лина Маркоска доби втора награда на литературниот конкурс на тема „Сите нијанси на есента во полиња и градини преполни со плодови и бои“. Овој проект е во соработка со основните училишта на територијата на Општина Охрид заради одбележување на Есенската рамноденица.



На Меѓународниот поетски фестивал „Машта и снови“ организиран од Центарот за култура „Сирмијумарт“ од Сремска Митровица, нејзината творба „Есенска палета“ доби специјална награда за најсликовита песна.

Лина твореше и на тема „Животот е убав“ , на конкурсот од страна на Клубот за грижа за стари лица при Црвен крст Охрид. Доби прва награда за прозна творба.

Таа учествуваше и на Републичкиот фестивал за литература за деца „Мали Ѕвездички 2025“ и нејзината поетска творба е дел од стихозбирката „Бајки за добра ноќ“ во организација на Здружението за наука, култура и литература „Златно Перо“-Битола.

На 2.Детски Прличеви беседи, Лина освои прва награда за есеј на тема „Охрид и Македонија за Прличев се и љубов и судба и гордост и тага и лулка и гроб“. На 57.Детски Рацинови средби, нашиот мултимедијален проект на тема „Мене и душата ми е црвена“ беше третонаграден – признание што ни претставува голема чест и радост. Искажувајќи длабока почит кон ликот и делото на безвремениот Рацин, проектот ја пренесе силната порака на неговото творештво преку спој на слика, звук, збор и движење.






Поетската творба „Ги сакам македонските паничари – ја сакам Македонија“ од ученичката Марија Алачкоска доби прва награда. Литературниот конкурс во

организација на Кинолошкиот клуб „Македонски паничар“ имаше цел да ја поттикне љубовта, верноста и убавината на македонскиот паничар и да ја промовира неговата заштита и промоција како национално богатство.



**Ги сакам македонските паничари, ја сакам Македонија**

Ја сакам Македонија како месечината ѕвездата Деница,
како природата дождот, како југот птицата преселница,
како цвеќињата сонцето и неговиот сјаен блесок,
како бистрите езерски води крајбрежниот ситен песок.

Ја сакам Македонија - бисер со непроценлива вредност
како македонските паничари - симбол на вечност и верност.

Тие го слушаат здивот на македонската земја со гордост,
во нивната крв тече Македонија - непокор и храброст.
Долги векови во земјата на сонцето поминале,
заштитници и сведоци се на спомените кои заминале.

Македонскиот паничар никогаш не се плаши во мрак,
со бистар поглед трча безгрижно по сончев зрак.
Со љубов и ведрина го поздравува патникот драг,
смело го брка непознатиот натрапник од куќниот праг.

Крзното му го прелева белина и шари од топли бои,
плени со природна убавина, достоинствено стои.
Име со приказна и антички корени од богот Пан,
мал како „пањче“, но голем чувар на својот стопан.

И во руменилото на утрото што се раѓа, кога роси,
и во тишината на ноќта, душата на Македонија ја носи.

Македонскиот паничар секогаш го дава срцето сето,
тој е вечен стражар на македонското богатство свето.
Добрината во бадемовите очи како сонце му свети,
„Јас секогаш ќе бидам тука“ - низ лаеж тој ми вети.

Марија Алачкоска, VIII одд.
ООУ „Кочо Рацин“ - Охрид






Ученичката Софија Секулоска беше дел од училишниот проект „Холокаустот низ призмата на детските очи“ и твореше на тема „80 години од ослободување на Аушвиц“, доби втора награда, а нејзината песна плени со емотивна длабочина, носејќи порака за почит, незаборав и човечка солидарност.






Менторка Фила Вероска-Стојковска

# ВО ЧЕСТ НА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

По повод 8 Декември, ученичката Изабела Томановска доби прва награда на литературниот конкурс од Општина Охрид.

За учителот

Низ денови тешки и сокаци црни в немило сиво,
низ векови празни со празно срце кротко но смело,
народ стегнал заби, грутка в гради стои и притиска диво,
а низ грло пискот весел не се слуша како да стои парче врело.

Низ денови тешки, ко живот црн и темен,
човек на дното е - со погледот нагоре,
дал чека знак, ил светлина, сонце, зрак земен
дал чека некој да рашири зборој крилја ил глас продорен?

Се појави тогаш ко мир сред лута војна,
се појави тогаш ко капка вода сред пустина сува,
та размрда срца разлутени неми со благодатта стројна,
та напои усти за зборови жедни како шум во ноќта глува.

О, Клименте светол- во очиве чиниш радост,
кај помина сред пустош, ти залеа суво цвеќе,
та наеднаш од сегде ко ливада бујна, ко весела младост,
народ гордо расцвета ко булка која не венее веќе.

Па рашири ти глас, зборој се редат во песна,
згрмна писмо свето во учителска плодна рака,
а по него толпа народ, насмеани души во поворка лесна,
ја држат и слават азбуката наша ко најмил пород што се сака.

Та не сме сега неми, не сме сега пусти,
викнавме гласно, слободно, дур гласот нѐ држи,
одврзавме раце од пранги, размрдавме неми усти,
кој ли сега може нас духовно да нѐ задржи?

Запеавме сложно, гласно и со почит
славејќи те секаде, но најважно внатре во нас, во себе,
писменоста и уката така вешто ни ја срочи
учителу, безвременска слава ти вознесуваме тебе!



Менторка Наташа Неданоска

## ЃЕРДАН ОД ЛИТЕРАТУРНИ НАГРАДИ – ЦРВЕН КРСТ ОХРИД



ТЕМА „ЖИВОТОТ Е УБАВ“

Поезија од I до V одд.
Прва награда – Јана Војдиноска – V одд. / менторка Елена Китески
Втора награда – Миа Димоска – IV одд. / менторка Светлана Жилевска

Поезија од VI до IX одд.
Втора награда – Теона Шиникоска IX одд. / менторка Наташа Неданоска

Проза од I до V одд.
Втора награда – Јоана Данеска IV одд. / менторка Весна Речковска Николова

Проза од VI до IX одд.
Прва награда – Лина Маркоска VIII одд. / менторка Фила Вероска-Стојковска

ТЕМА „ГЛАСОТ НА ХУМАНОСТА“

Проза - I до V одд.
Прва награда - Славјан Митановски, V одд./менторка Магдалена Чалоска

Проза - VI до IX одд.
Втора награда - Софија Секулоска, VIII одд./ менторка Фила Вероска-Стојковска


Црвен крст на Република Северна Македонија
СЕРТИФИКАТ
на
Славјан Митановски
за освоена прва награда за проза од I до V одд. на литературниот конкурс
„ Глас на хуманоста "
ПРОГРАМА - ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА - НАЈДИ ВРЕМЕ
Секретар
Мимоза Ставрева
28.05.2025
Претседател
Сашо Точков



# ENGLISH

„Нашите ѕвезди во англискиот свет!“
Погледнете кој блесна на натпреварите по англиски јазик! Успеси, изненадувања и многу труд зад секоја победа!
Нашите талентирани ученици се закитија со низа награди на општинскиот,регионалниот и државниот натпревар по англиски јазик.

## Општински натпревар 15.3.2025

II-награда
Јана Војдиноска
(V-одд)
ментор
Милка Кевереска Шапкароска

III-награда
Јаков Митрески
(VI-одд)
II-награда
Мартин Сандрески
(VIII-одд)
ментор
Александра Рошкоска

Пофалници
Лука Милошески
(VII-одд)
ментор
Љупка Јакимоска Попоска,
Јована Војдиноска
(IX-одд)
ментор
Лидија Јевтовиќ

## Регионален натпревар 12.4.2025

I-награда
Јана Војдиноска
(V-одд)
ментор
Милка Кевереска Шапкароска

II-награда
Јаков Митрески
(VI-одд)
ментор
Александра Рошкоска

III-награда
Мартин Сандрески
(VIII-одд)
ментор
Александра Рошкоска




Со огромно задоволство и гордост информираме дека нашата талентирана ученичка Јана Војдиноска од V-1 одделение, го освои првото место на Државниот натпревар,кој се одржа на 10.5.2025 год.

Овој исклучителен успех е резултат на посветената работа,знаење и труд на нашата ученичка,како и на континуираната поддршка од нејзината менторка Милка Кевереска Шапкароска.

Со пофалница се закити нашиот ученик Јаков Митрески од VI-3 одделение, ментор Александра Рошкоска.

ENGLISH








# УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ОПРЕМУВАЊЕ НА КАБИНЕТ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Во јуни 2025 година, во ООУ „Кочо Рацин“ – Лакочереј успешно беше завршен проектот на волонтерката од Америка Алис Чу и наставничката по англиски јазик Александра Рошкоска за уредување на Кабинет по англиски јазик, во соработка со Мировен Корпус – Северна Македонија, наставници, ученици, родители и членови на локалната заедница. Со помош на проектот, кабинетот по англиски јазик беше опремен со интерактивна табла и нови лаптопи, кои придонесуваат за модернизација на наставата и подобрување на дигиталните вештини кај учениците. Воведувањето на интерактивната табла овозможува динамични и привлечни часови, полесно визуелизирање на поимите, интеракција со мултимедијални содржини и поголемо вклучување на учениците. Лаптопите им даваат на учениците пристап до широк спектар на дигитални ресурси, што поддржува персонализирано учење и развива дигитални вештини кои се неопходни во 21 век.

Придобивки од проектот:

• Подобрено искуство при учење: Интерактивните часови помагаат за подобро разбирање и задржување на материјалот. • Поголема вклученост на учениците: Технологијата поттикнува активна учество и соработка. • Подобрување на наставните методи: Наставниците можат да користат разни мултимедијални алатки за збогатување на наставата. • Развој на дигитални компетенции: Учениците стекнуваат важни вештини за ефективно користење на модерната технологија. • Подготовка за идни предизвици: Дигиталната училница ги подготвува учениците за академски и професионален успех.

Овој проект претставува значаен чекор во модернизацијата на образованието и создава инспиративна средина каде што учениците можат да напредуваат. Очекуваме продолжување на поддршката на иновативните методи на настава и учење. Им изразуваме огромна благодарност на сите наставници, ученици, родители и членови на заедницата за нивната посветеност и труд. Особено сме благодарни на Мировен Корпус – Северна Македонија за поддршката.



# Проект Еразмус-

## Интерактивни и веб алатки за ефикасно комбинирано, превртено и кооперативно учење

Од 2 до 6 декември, во прекрасниот Рим, наставници од нашето училиште ја имаа можноста да учествуваат во проектот „Интерактивни и веб алатки за ефикасно комбинирано, превртено и кооперативно учење“.





Проектот се фокусираше на подобрување на дигиталната писменост во образованието, нудејќи иновативни сознанија и инспирација извлечена од најдобрите практики. Наставниците истражуваа како ИКТ може да поттикне поголема мотивација, учество, претприемништво и креативност кај учениците.

Проектот ги опфати клучните области, вклучувајќи:

- иновативни ИКТ алатки и практични решенија за дигитална настава;
- стратегии за создавање интерактивна дигитална содржина;
- користење на динамични методи како гејмификација, виртуелна реалност и онлајн платформи за соработка за збогатување на искуствата за учење;
- истражување на ефективни алатки и техники за оценување и евалуација.

Erasmus+

Ова искуство не само што ги надополни нашите наставници со врвни вештини, туку исто така ја нагласи важноста од интегрирање на технологијата за подобрување на резултатите од учењето.





Наставниците го збогатија своето искуство со посета на првиот музеј за училиште и образование на Италија. Со оваа посета се даде непроценлив увид во историската и културната еволуција на образованието, како и инспиративни идеи за современи наставни практики.





Музејот покажа уникатни артефакти, историски наставни алатки и архивски материјали кои го истакнаа патувањето на образованието низ вековите. Експонатите на музејот за раната настава служеа како потсетник за тоа како иновациите отсекогаш биле централни за ефективно образование. Сето ова даде можност да се направи една паралела со современите техники како што се превртеното учење и кооперативното образование. Оваа посета беше извонредна можност да се поврзе минатото со сегашноста, премостувајќи го јазот помеѓу традиционалното и современото образование.



Erasmus+

Благодарност до организаторот на проектот **Enjoy Italy** и обучувачот Alessandro Gariano.

Овој Еразмус проект е доказ за посветеноста на нашите наставници за континуиран професионален раст и иновации во образованието.



**Еразмус тим на наставници:**

| | |
|---|---|
| Наумче Јанкулоски | Славица Котеска |
| Елена Китески | Александра Рошкоска |
| Татјана Лошкоска | Јованка Анѓелкоска |

Erasmus+

# еТвининг ни стои – втор пат сме шампиони

Со особена гордост објавуваме дека нашето училиште и оваа година е добитник на престижната ознака **„eTwinning School Label“**, за периодот 2025–2026 година. Ова е вторпат по ред како нашето училиште го добива ова признание, откако првпат беше наградено за периодот 2023–2024 година.

Ознаката „еТвининг училиште“ претставува признание од Европската комисија за училиштата кои покажуваат лидерство во дигиталната пракса, иновативен и креативен пристап во наставата, промовирање на безбедноста на интернет, тимска работа и активно вклучување во европската образовна заедница преку eTwinning платформата и претставуваат пример за другите училишта ширум Европа.

Како еТвининг училиште, нашето училиште добива можност за учество во посебни иницијативи, а наставниците имаат пристап до бесплатни обуки и професионален развој, како во земјата, така и во странство. Овие можности значително придонесуваат за унапредување на наставната практика и зголемување на квалитетот на наставата во нашето училиште.

Учениците, пак, преку меѓународни еТвининг проекти се стекнуваат со нови знаења, вештини и искуства, соработувајќи со врсници од цела Европа. Тие учат на креативен начин, ги развиваат дигиталните вештини, критичкото размислување и интеркултурната свест.

Оваа втора последователна ознака е потврда за континуираната посветеност на нашиот колектив кон современо, отворено и квалитетно образование. Продолжуваме со истиот ентузијазам да го градиме и унапредуваме нашето училиште како центар на знаење, соработка и иновации.

Координатор Силвана Крстеска

наставник по математика еТвининг амбасадор

## Математика + Уметност = Креативна магија без граници!

Нашето училиште е дел од уште еден еТвининг проект кој ги спојува навидум различните светови на математиката и уметноста, носејќи ги учениците на креативно патување низ геометријата, културите и боите на Европа. Проектот ,,Dare to be me” обединува 21 училиште од Србија, Турција, Шпанија, Италија и Македонија, вклучувајќи ученици од различни возрасни групи. Проектот е вистинска авантура која преку шест тематски активности истражува како математиката може да стане живописна, инспиративна и... забавна!Нашите пет ученици од VII-1 одделение, под менторство на наставничката по математика Силвана Крстеска, активно се вклучени во секоја фаза од проектот. Учествуваа во изработка на графички, аудио и видео содржини, но и во рачно изработени креативни производи што ја отсликуваат нивната оригиналност и љубопитност. Еве дел од активностите во кои беа вклучени учениците: European Day of Languages, Points of You, Autumn Leaves Around, New Year Geometry, Safer Internet Day, Geometry of My Country… Особено емотивен момент беше новогодишната размена со ученици од Анкара, Турција, каде нашите ученици испратија и добија новогодишни пакетчиња, честитки и креативни изработки – вистинска празнична магија спакувана во геометриски форми! Целта на овој проект не е само учење, туку истражување, креација, интеркултурна размена и откривање на убавината на математиката преку уметноста и дигиталните алатки. Учениците имаа можност да ја изразат својата индивидуалност, да го прикажат своето културно наследство, и сето тоа – преку јазикот на геометријата. Овој проект е доказ дека математиката не е само формули и задачи – туку боја, движење и инспирација, особено кога е збогатена со креативност и меѓународна соработк








# Проект „Од жито до леб“ – патување низ знаењето, традицијата и животот



ВО РАМКИТЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОЕКТ „ОД ЖИТО ДО ЛЕБ“, КОЈ Е ДЕЛ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО ООУ „КОЧО РАЦИН“ ОХРИД, ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА, УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТО ДВА ОДДЕЛЕНИЕ, ЗАЕДНО СО НИВНАТА НАСТАВНИЧКА ЕЛЕНА ДИМОСКА И ОБРАЗОВНИОТ АСИСТЕНТ НАТАЛИЈА РИСТЕСКА, РЕАЛИЗИРАА СЕРИЈА ТЕРЕНСКИ И ПРАКТИЧНИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛАТА УЧЕБНА ГОДИНА.

ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ БЕШЕ УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ ДИРЕКТНИ ИСКУСТВА ДА ГО ЗАПОЗНААТ ПАТОТ НА ЛЕБОТ – ОД САДЕЊЕ НА ЖИТО, ДО ЛЕБОТ НА ТРПЕЗА. АКТИВНОСТИТЕ БЕА ОСМИСЛЕНИ ЗА ДА ГИ РАЗВИЈАТ СВЕСТА, ЗНАЕЊЕТО, ТРУДОЉУБИВОСТА И ПОЧИТТА КОН ТРАДИЦИЈАТА И ТРУДОТ НА ЛУЃЕТО КОИ СЕ ДЕЛ ОД СИНЏИРОТ НА ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНАТА.

ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ НИЗ ПРОЕКТОТ:
ПОСЕТА НА НИВА:
УЧЕНИЦИТЕ ИМАА МОЖНОСТ ДА ЈА НАБЉУДУВААТ ПОДГОТОВКАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО, САДЕЊЕ НА ЖИТО СО ТРАКТОР И РЕДОСЕАЛКА, КАКО И ДА НАУЧАТ ЗА ДОМАШНИТЕ ЖИВОТНИ И НИВНАТА УЛОГА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО.

ПОСЕТА НА СТАРА ВОДЕНИЦА:
ТРАДИЦИОНАЛНИОТ НАЧИН НА МЕЛЕЊЕ ЖИТО ОСТАВИ ГОЛЕМ ВПЕЧАТОК ВРЗ УЧЕНИЦИТЕ. ГО СЛЕДЕА ЦЕЛИОТ ПРОЦЕС, ДОЗНАА ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ВОДНИОТ ПОГОН И РАЗЛИКАТА ПОМЕЃУ ИНДУСТРИСКО И ТРАДИЦИОНАЛНО БРАШНО.

ПОСЕТА НА ФАБРИКАТА „ЖИТО ЛЕБ“ – ОХРИД:
УЧЕНИЦИТЕ БЕА ОБЛЕЧЕНИ ВО ЗАШТИТНА ОПРЕМА И ЈА СЛЕДЕА ЦЕЛАТА ПОСТАПКА НА ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО НА ЛЕБ: ОД МЕСЕЊЕ НА ТЕСТО, ОБЛИКУВАЊЕ, ПЕЧЕЊЕ ДО ПАКУВАЊЕ. ПОСТАВУВАА ПРАШАЊА И ДОБИЈА ВРЕДНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА АВТОМАТИЗАЦИЈАТА, ХИГИЕНАТА И КОНТРОЛАТА НА КВАЛИТЕТОТ.

ПОСЕТА НА СЕЛСКО ДОМАЌИНСТВО – „ПИРУСТИЈА НЕДАНОСКИ“ ВО С. РАМНЕ:
УЧЕНИЦИТЕ ЗАМЕСИЈА ТЕСТО И ПОДГОТВИЈА КОМАТ СО СПАНАЌ, КОЈ ПОТОА БЕШЕ ПЕЧЕН ПОД САЧ НА ПИРУСТИЈА. САМИ СОБИРАА ЈАЈЦА И СПАНАЌ, УЧЕА ЗА РУРАЛНИОТ ЖИВОТ И УЖИВАА ВО ДЕГУСТАЦИЈА НА ДОМАШНИ ЈАДЕЊА. ПОСЕТАТА БЕШЕ ЗБОГАТЕНА И СО РАСКАЖУВАЊЕ ЗА ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА КОЧО РАЦИН.
ПРОЕКТОТ „ОД ЖИТО ДО ЛЕБ“ БЕШЕ ВИСТИНСКО ЕДУКАТИВНО ПАТУВАЊЕ ШТО ГИ СПОИ НАСТАВАТА, ТРАДИЦИЈАТА, ПРАКТИЧНАТА РАБОТА И РАДОСТА ОД УЧЕЊЕТО. УЧЕНИЦИТЕ СТЕКНАА ВАЖНИ СОЗНАНИЈА ЗА ПРИРОДАТА, ХРАНАТА И ТРУДОТ НА ЛУЃЕТО КОИ ЈА СОЗДАВААТ, РАЗВИЈА ПОЧИТ КОН СЕЛСКИОТ ЖИВОТ И ГО ЗАЦВРСТИЈА СВОЈОТ ИНТЕРЕС ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ОТКРИВАЊЕ.
ОВОЈ ПРОЕКТ ОСТАВИ СИЛЕН ВПЕЧАТОК И ЈА НАГЛАСИ ВРЕДНОСТА НА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ ИСКУСТВО.








# Најдобар просветен работник за учебна 2023/2024 година

По повод Светскиот ден на учителот 5 ти Октомври доделени признанија на најдобрите наставници во предучилишното, основното и средното образование во претходната учебна година, во организација на Сојузот на просветни работници.
Една од најдобрите одделенски наставници се и Виолета Петковска од ОУ „Кочо Рацин" во Охрид.



КРАТКА БИОГРАФИЈА

Координатор на повеќе проекти,обучувач за јазична писменост во почетните одделенија.Предавач на онлајн вебинари,конференции,реализатор на работилници,учесник на настани од јавен интерес.Рецензент на учебник во одделенска настава и прирачници,автор на 15 стручни трудови.
Околу 700 -Потврди-Признанија-Сертификати-Благодарници-Дипломи.
Добитник на Општинска награда-Климентова Повелба-2019,2024
Признание најдобар Просветен работник за учебна 2023/2024 и 2019 ,100 Global Award ASK награда 100 најдобри наставници во светот.















# ДОНАЦИИ И СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ

Со големо задоволство ве информираме дека е одобрен проектот на наставничката по англиски јазик – Александра Рошкоска, од страна на Macedonian Schools Project, за добивање таблети кои ќе се користат во наставата!

Овој чекор претставува значителен напредок во дигитализацијата на образовниот процес и отвора нови можности за интерактивно, ангажирано и современо учење.

Придобивки од воведувањето таблети во наставата:

Подобра ангажираност на учениците преку интерактивни содржини;

Полесен пристап до дигитални ресурси и учебници;

Индивидуализирано учење според потребите и темпото на секој ученик;

Развивање дигитални вештини и критичко размислување;

Намалување на употребата на хартија и придонес кон еколошката свест;

Macedonian Schools Project,

Ви благодариме за поддршката и со нетрпение очекуваме да ги видиме позитивните резултати!







# НБРМ ДОНАЦИИ



НА 11 МАРТ 2025 ГОДИНА, ООУ „КОЧО РАЦИН“ ВО ОХРИД ИМАШЕ ЧЕСТ ДА ЈА ПРЕЧЕКА ГУВЕРНЕРКАТА НА НБРМ, КОЈА ГО ПОСЕТИ НАШЕТО УЧИЛИШТЕ СО ЦЕЛ ПОДДРШКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО И МЛАДИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ВО НАШИОТ РЕГИОН. ВО РАМКИТЕ НА ПОСЕТАТА, ГУВЕРНЕРКАТА ДОНИРАШЕ КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА И ЛЕКТИРНИ ИЗДАНИЈА, ЗНАЧАЈНА ДОНАЦИЈА КОЈА ЌЕ ГО ПОДДРЖИ ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И ЌЕ ИМ ОВОЗМОЖИ НА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ УШТЕ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ. ДОНАЦИЈАТА, КОЈА ВКЛУЧУВА КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА И БОГАТА БИБЛИОТЕКА ОД ЛЕКТИРНИ КНИГИ, ЌЕ ГИ ПОДДРЖИ УЧЕНИЦИТЕ ВО НИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, А ИСТОВРЕМЕНО ЌЕ ГИ МОТИВИРА ЗА ПОГОЛЕМО УЧЕСТВО И ИНТЕРЕС ЗА УЧЕЊЕ. ОВАА ПОДДРШКА ОД ГУВЕРНЕРКАТА Е САМО ЕДЕНА ВО НИЗАТА НА ПОЗИТИВНИ ПРИМЕРИ ЗА ВАЖНОСТА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО, ОСОБЕНО ВО ВРЕМЕ НА БРЗИ ТЕХНОЛОШКИ ПРОМЕНИ.

ПОСЕТАТА БЕШЕ ОДЛИЧНА ПРИЛИКА И ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ПОНАТАМОШНАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЛОКАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ОБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ. УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ СЕ ЗАБЛАГОДАРИЈА НА ДОНЕСЕНАТА ОПРЕМА, КОЈА ЌЕ ИМ ПОМОГНЕ ВО НИВНИТЕ ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ, И ИЗРАЗИЈА НАДЕЖ ДЕКА ОВАА ПОСЕТА ЌЕ БИДЕ САМО ПОЧЕТОК НА УШТЕ МНОГУ УСПЕШНИ СОРАБОТКИ И ПОДДРШКА ЗА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ.

ГУВЕРНЕРКАТА ВО СВОЕТО ОБРАЌАЊЕ ИСТАКНА ДЕКА ОВИЕ ДОНАЦИИ СЕ МАЛ, НО ЗНАЧАЕН ЧЕКОР КОН СОЗДАВАЊЕ НА ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА НАШИТЕ ДЕЦА, КОИ СЕ ИДНИНАТА НА МАКЕДОНИЈА. ТАА ГО ПОТВРДИ СВОЈОТ АНГАЖМАН ЗА ПОНАТАМОШНА ПОДДРШКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, КАКО И ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВАТА МЕЃУ ДРЖАВАТА И ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ.

КАКО УЧИЛИШТЕ, НИЕ СЕ ГОРДЕЕМЕ ШТО МОЖЕМЕ ДА БИДЕМЕ ДЕЛ ОД ОВОЈ ЗНАЧАЕН НАСТАН И СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА ОВАА ПОСЕТА ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА БИДЕ ИНСПИРАЦИЈА ЗА СИТЕ НАС ВО НАПОРИТЕ ДА СОЗДАДЕМЕ ПОСВЕТЕНА И ОБРАЗОВАНА ГЕНЕРАЦИЈА. ДОНАЦИЈАТА ЌЕ ИМА ДОЛГОГОДИШНО ВЛИЈАНИЕ НА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ И ЌЕ ОВОЗМОЖИ ПОДОБРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИТЕ УСЛОВИ ВО ООУ „КОЧО РАЦИН“, КАКО И СОЗДАВАЊЕ НОВИ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА И ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ ВО ИДНИНА.





# DM-донација за спортска опрема







Во духот на поддршката и заедништвото **dm drogerie markt Makedonija** со донација за спортски развој на учениците од ООУ"Кочо Рацин".
Во пријатна атмосфера исполнета со благодарност и ентузијазам, нашето училиште со задоволство ја прими донацијата од DM маркет, во вредност од 137 600 денари, наменета за набавка на спортска опрема за наставата по физичко и здравствено образование.
Оваа поддршка доаѓа во вистински момент – во период кога нашето училиште чекори со полна сила напред, создавајќи подобрени услови за учење и развој во новата училишна зграда.
Донацијата ќе биде директен придонес кон збогатување на наставниот процес по предметот физичко и здравствено образование, мотивирање на учениците и поттикнување на спортскиот дух.
Ова не е само донација – ова е препознавање на нашата посветеност, визија и труд. Уште една компанија – DM маркет – стана дел од нашата приказна и нашиот континуиран напредок.
Ваквите гестови не мотивираат да продолжиме уште поангажирано да работиме за благосостојбата на учениците.
Благодарни сме што DM маркет ја препозна вредноста на вложувањето во младите и нивното здравје.
Како училиштето веруваме дека физичката активност е клучен дел од целокупниот развој на детето, а со оваа донација ќе можеме уште посилно да го негуваме здравиот дух, тимската работа и спортските вредности.
Заедно градиме средина во која децата растат среќни, активни и успешни!








# Едукативни посети

Во периодот од 22.12-24.12.24г. беше реализирана работна посета на збратимените училишта ООУ ,,Кочо Рацин"-Охрид и ООУ ,,Веселин Маслеша"-Белград Р. Србија предводена од директорката со својот тим. Беше проследена свечената јавна трибина насловена "Системска подршка школе као носиоца образовно-васпитног процеса у локалној заједници".

Посетата беше искористена за размена на искуства и позитивни педагошки искуства и практики. Посебно е за одбележување учеството на нашите ученици во работилници за роботика. Во програмскиот дел на збратименото училиште, нашите ученици со наставниците ги посетија културните обележја на градот (Тропикариум и Музеј Југославија).







# Нашите седмоодделенци на едукативно- научна посета под мотото „Да ја запознаеме Македонија за уште повеќе да ја сакаме“ А што посетија?

Најмалиот етнолошки музеј- с.Подмочани, Ресен (кај чичко Јоне );
Археолошкиот локалитет ХЕРАКЛЕА Линкестис (одлично предавање од нивниот кустос);
Зоолошка градина во Битола (а животинките непосредни и прилично близу до посетителите);
Меморијална поставка во куќата на Петре М.Андреевски, с.Слоештица, Демир Хисар (Пиреј, Деница, Касни-порасни...);
Валавници во с. Слоештица, Демир Хисар (валајци по наше );

А што научија???

*дека Македонија ни е преубава ... и по некој историски, етно, археолошки, книжевен и природен факт!!!

Координатори и реализатори:

Beti Velikoska

Бобан Блажески

Natasa Nedanoska



-Успешна реализирана едукативно искуствената работилница преку Мрежата за искуствено учење, miu.mk со учениците од VII одд. од ООУ „Кочо Рацин"- Охрид, со наставниците Наташа Неданоска и Бобан Блажески.

Преку теренски и експериментални активности децата научија како да ги идентификуваат загадувачите на воздухот. Со мерачите за квалитет на воздух мапира и мереа различни загадувачи.

Каков јаглероден отпечаток" остава секој од нас и како секој може да придонесе за почиста и поздрава животна средина.

Целта на оваа работилница беше да ја подигнеме свеста за квалитетот на воздухот и да поттикнеме одговорност и активизам за заштита на нашата планета.

Поддржано од: Македонско еколошко друштво
UNICEF MK
Embassy of Sweden in Skopje
Swedish International Development Agency Sida
Едукативен центар за зачувување на природата с.Негрево









# -Посета на куќата на Прличев





Во нашето училиште, во соодноос со Годишната програма и планирањата на наставниците, се одржуваат низа посети на знаменитости. Една таква посета е и спомен куќата на Григор Прличев, за кој подетално низ неговата „Автобиографија" се учи во IX одделение. Со таа цел, часовите по македонски јазик на оваа тема традиционално се одржуваат токму во неговата родна куќа

# Едукативна посета и соработка

Во периодот од 23 до 25 мај, нашето училиште имаше чест да биде домаќин на група ученици и наставници од нашето збратимено училиште "Веселин Маслеша" од Белград, Србија.
Целта на оваа посета беше размена на искуства и добри практики, со фокус на унапредување на воспитно-образовниот процес. Посетата беше и одлична можност заеднички да го одбележиме Денот на словенските просветители.
На првиот ден од посетата учениците учествуваа на неколку работилници.
На првата работилница "Супер моќи за супер ученици"- "Како да го зајакнеме нашиот ум и емоции ", учениците усвоија корисни вештини за зајакнување на умот-предавач Сања Наковска.
Потоа преку онлајн час наставниците по историја им споделија корисни инфорамции на учениците за светите браќа "Кирил и Методиј".
На следната работилница преку фотографска изложба ги открија убавините на Охрид. Имено, направија и кратка посета низ градската библиотека, каде беа изложени нивните фотографии.
На денот на чествувањето на светите браќа Св."Кирил и Методиј"-претставници од збратимените училишта положија цвеќе на споменикот на Св."Кирил и Методиј".
Претставниците имаа можност да уживаат во едукативниот центар (Talent academy), Етно дом "Кеверески" и истовремено да го збогатат своето искуство со нови перспективи за "Емоционалната интелигенција на работното место"-предавач акад. проф. д-р Љупчо Кеверески.
Оваа иницијатива значително придонесе за продлабочување на меѓусебната соработка и поттикнување на интеркултурниот дијалог помеѓу нашите училишта. Горди сме на постигнатото и со нетрпение очекуваме нови заеднички проекти кои ќе ги зајакнат нашите врски и ќе донесат нови можности за учење и развој.








## Climate Action Project (Проект за климатска акција)

Проектот за климатска акција беше реализиран од 30 Септември до 7 Ноември 2025 година и обедини речиси 5 милиони наставници и ученици од 164 земји. Целта на проектот е да ги поттикне учениците да учат за климатските промени, да дојдат до потенцијални решенија и да преземат позитивни активности. Проектот е под покровителство на BBC и CNN и е поддржан од принцот Вилијам, Џејн Гудал и Дејвид Атенборо, а завршува со интернет настан во живо „Ден за акција за климата“ кој им овозможува на наставниците и учениците да ја претставаат својата работа во присуство на светски лидери и јавни личности.

За време на проектот учениците учествуваа во интерактивни активности, истражуваа, презентираа, работеа во групи, ја изразуваа својата креативност, го развиваа критичкото размислување и притоа учеа за причините и ефектите од климатските промени и наоѓаа решенија за климатската криза. Се приклучија на активноста „Кодирање во вселената за климатските промени“ (Code Week 4 All) при што учениците користеа слики од различни делови на Земјата за дискусија и создаваа пиксел уметност. Тие учеа за важноста на рециклирањето во заштитата на животната средина и промовираа одржливо живеење и заштита на животната средина. Учениците ги идентификуваа начините за намалување на отпадот во секојдневниот живот и не само што се здобија со знаења за заштита на животната средина, туку станаа двигатели на позитивни промени во училиштето и заедницата.












# НОВИ ЕКО-ВЕШТИНИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ РАЗВИВАЊЕ ИДНИ ГЕНЕРАЦИИ ЕКО-ЧУВАРИ

НА 29.8.2024 СЕ ОДРЖА ОБУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО НОВИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ ЗА ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА И ОДРЖЛИВИТЕ ЕКОЛОШКИ ПРАКТИКИ.
НА ОБУКАТА КОЈА СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ СО НАСТАВНИЦИ ОД 15 ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ШЕСТ ОПШТИНИ ОД ЈУГОЗАПАДНИОТ И ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН ПРИСУСТВУВАА ТАТЈАНА ЛОШКОСКА, АНКИЦА ЦУЦУЛОСКА И БИЛЈАНА СИЉАНОСКА.
ПРОГРАМАТА Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ „ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ НА ЛОКАЛНО НИВО“, ФИНАНСИРАН ОД СИДА И СПРОВЕДУВАН ОД СТРАНА НА САЛАР ИНТЕРНЕШНЛ.
НА ОБУКАТА НАСТАВНИЦИТЕ СЕ ЗАПОЗНАА СО ИНОВАТИВНИТЕ НАЧИНИ КАКО ДА ГИ ПРЕНЕСАТ ОДРЖЛИВИТЕ ПРАКТИКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА СВОИТЕ УЧЕНИЦИ. ПОД МЕНТОРСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ ОБРАЗОВНИ ЕКСПЕРТИ, ОБУКАТА БЕШЕ ФОКУСИРАНА НА ПРАКТИЧНИ И ИНТЕРАКТИВНИ ВЕЖБИ ЗА ПРАВИЛНА СЕЛЕКЦИЈА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И ПОВТОРНА УПОТРЕБА НА ОТПАДОТ КОИ СЕ ЦЕЛОСНО ПРИСПОСОБЕНИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА.
НА ГРАДСКИОТ КЕЈ БЕШЕ ОРГАНИЗИРАНА И ЕДУКАТИВНАТА РАБОТИЛНИЦА ЗА ДЕЦА „ОТПАДОТ И ЕЗЕРСКИТЕ ДЛАБОЧИНИ“ (30.8.2024). НА НАСТАНОТ, КОЈ БЕШЕ ОТВОРЕН ЗА СИТЕ, ПОСЕТИТЕЛИТЕ СЕ ПОТТИКНУВАА НА РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ И ОДРЖЛИВОТО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ. ОВАА ИНИЦИЈАТИВА Е ПОВЕЌЕ ОД ОБУКА ЗА НАСТАВНИЦИТЕ. ТАА ОВОЗМОЖУВА ГРАДЕЊЕ НА ОСНОВАТА НА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ЗА ДА ЈА РАЗБЕРАТ ВАЖНОСТА НА ОДРЖЛИВОСТА УШТЕ ОД РАНА ВОЗРАСТ, РАЗВИВАЈЌИ СЕ ВО ЕКОЛОШКИ СВЕСНИ ГРАЃАНИ КОИ СЕ ПОДГОТВЕНИ ДА НАПРАВАТ ПРОМЕНИ ВО НИВНИТЕ ЗАЕДНИЦИ.







# ЗОНА НА НАЈМАЛИТЕ

**Во текот на учебната 2024/2025 година, успешно се реализирани наставни и вонnаставни активности преку најразлични проекти, конкурси, работилници со цел подобрување на педагошките практики.**











## Активно учествуваа во следните проекти

Акцијата за чистење „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2025", со цел подигнување на Јавната свест, за потребата од собирање, селектирање и рециклирање на отпадот и позитивно да влијаеме на зачувување на животната средина;

Учество во Охрид трчаТ Детска трка 2025.

## ОДБЕЛЕЖАА

**Одбележување на Февруари- месецот на ретките болести;**

**Одбележување на Месецот на книгата- Во библиотека;**

**Одбележување на Светски ден на литературата за деца со авторите за деца Филип Димкоски и Розе Костеска кои ги заинтересираа учениците со изразно читање на одбраните творби .**

**Одбележување на Светски ден на лицата со аутизам -работилница стручна служба Сања Наковска Ристеска и наставник Виолета Петковска-учесници ученици од одделенска настава.**

**Одбележување на Светскиот ден на здравјето-7 ми Април со Д-Р Билјана Главинчева Руменовска.-запознавање на учениците со презентација за здравјето и како да се чува и негува здравјето.**

**Одбележување на 22 април-Денот на планетата Земја.**

## Други разни воонаставни активности и работилници:

**Едукативна работилница за безбедност во сообраќајот во Охрид!**

**Во рамките на проектот „Од жито до леб", учениците од III 2 имаа можност да ја следат патеката на лебот — од индустриската лента и традиционало под сач.**

**Работилница-Професија лекар, запознавање и карактеристики.Гости-лекари Д-Р Александар Стевоски од ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо" — Охрид и Д-Р Георги Ставрески.Учениците од II-1 и III-1 со наставничката Благица Грујоска Димитроска имаа можност да разговараат со лекарите,кои што на експлицитен јазик и со демонстративен метод зборуваа за својата професија.**

**Традиција,вера,обичаи. Заедничко следење на закројување Закројување на лоза.Св. Трифун -Заштитник на виновата лоза.Посета на црква Света Троица.**

**Следење на детскиот фестивал: Распеано рибарче;**

# АКТИВНОСТИТЕ НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА





УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ООУ „КОЧО РАЦИН“ – АКТИВЕН ДВИГАТЕЛ НА ПОЗИТИВНИ ПРОМЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО И ЗАЕДНИЦАТА

ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА **2024/2025** ГОДИНА, УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ПРИ ООУ „КОЧО РАЦИН“ ОД ОХРИД АКТИВНО УЧЕСТВУВАШЕ ВО БРОЈНИ АКТИВНОСТИ КОИ ЈА ЗБОГАТИЈА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЈА ПОДИГНАА СВЕСТА ЗА ВАЖНИ ОПШТЕСТВЕНИ ТЕМИ И ЈА ПОТТИКНАА ХУМАНОСТА И СОЛИДАРНОСТА МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ.

ЗОШТО Е ВАЖНО УЧЕСТВОТО НА УЧЕНИЦИТЕ?

УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ПРЕТСТАВУВА ГЛАСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ – ТИЕ КОИ СЕКОЈДНЕВНО ГО ЖИВЕАТ УЧИЛИШТЕТО, КОИ НАЈДОБРО ЈА ЧУВСТВУВААТ АТМОСФЕРАТА, ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПОТРЕБИТЕ. УЧЕНИЦИТЕ НЕ СЕ САМО ПРИМАТЕЛИ НА ЗНАЕЊЕ – ТИЕ СЕ АКТИВНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС, КРЕАТОРИ НА ИДЕИ И ПАРТНЕРИ ВО ПРОМЕНИТЕ. НИВНАТА ВКЛУЧЕНОСТ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ НОСИ АВТЕНТИЧНОСТ, ИНОВАТИВНОСТ И РЕЛЕВАНТНОСТ ВО СЕВКУПНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО.

ЗА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, НИВНИОТ АНГАЖМАН Е ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ. ВКЛУЧУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СИТЕ СЕГМЕНТИ НА УЧИЛИШНИОТ ЖИВОТ – ОД ПЛАНИРАЊЕ АКТИВНОСТИ, УЧЕСТВО ВО СОВЕТУВАЊА, ДО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАНИ – ПРИДОНЕСУВА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЧУВСТВО НА ОДГОВОРНОСТ, ЛИДЕРСТВО И ГРАДЕЊЕ ДЕМОКРАТСКА КУЛТУРА. ТИЕ УЧАТ ДА СЕ ЗАЛАГААТ ЗА СВОИ СТАВОВИ, НО И ДА СЛУШААТ ДРУГИ, ДА СОРАБОТУВААТ И ДА РЕШАВААТ ПРОБЛЕМИ – ВЕШТИНИ ШТО СЕ ВАЖНИ НЕ САМО ВО УЧИЛИШТЕТО, ТУКУ И ВО ЖИВОТОТ.

КРАТКО ЗА АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

–ЕКОЛОШКИ ИНИЦИЈАТИВИ

ЕДНА ОД НАЈЗНАЧАЈНИТЕ АКТИВНОСТИ БЕШЕ ПРОЕКТОТ „УЧИЛИШТЕ БЕЗ ПЛАСТИКА", ВО КОЈ УЧЕНИЦИТЕ АКТИВНО УЧЕСТВУВАА ВО СОБИРНИ АКЦИИ ЗА ПЛАСТИЧНИ ШИШИЊА. СОБРАНИТЕ ШИШИЊА БЕА ОДНЕСЕНИ ВО ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ НА ПАКОМАК, КАДЕ ШТО БЕА ОСВОЕНИ ЗЕЛЕНИ ПОЕНИ. ОВАА ИНИЦИЈАТИВА ИМ ПОМОГНА НА УЧЕНИЦИТЕ ДА РАЗВИЈАТ СВЕСТ ЗА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКТИРАЊЕТО НА ОТПАДОТ И СОЗДАВАЊЕТО ОДРЖЛИВ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ.

ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „CLIMATE ACTION PROJECT", УЧЕНИЦИТЕ ГИ ТРАНСФОРМИРАА СТАРИТЕ ГУМИ ВО ИНТЕРЕСНИ И ПРИВЛЕЧНИ ЛИКОВИ, КАКО ПЧЕЛА, БУБА МАРА, ПАТКА И ЛЕБЕД, УЧЕЈЌИ НА КРЕАТИВЕН НАЧИН ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ И ОДРЖЛИВОСТ.

–ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ И СОЛИДАРНОСТ

УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ОРГАНИЗИРАШЕ ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ОД СРЦЕ ЗА СРЦЕ", КАДЕ УЧЕНИЦИТЕ ИЗРАБОТИЈА И ПРОДАВАА ЧЕСТИТКИ ЗА СОБИРАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА БОЛНО ДЕТЕ. ОВАА АКТИВНОСТ ЈА ПОКАЖА НИВНАТА ЕМПАТИЈА, АНГАЖИРАНОСТ И ЖЕЛБА ДА ПОМОГНАТ ТАМУ КАДЕ ШТО НАЈМНОГУ ТРЕБА.

ВО ПРЕДНОВОГОДИШНИОТ ПЕРИОД, УЧЕНИЦИТЕ ПОДГОТВИЈА ЧЕСТИТКИ И ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЦАТА ОД ИГРОТЕКАТА „РАДОСТ" И ЗА ПОВОЗРАСНИТЕ НА ГЕРИЈАТРИСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ, ШИРЕЈЌИ ЉУБОВ И ВНИМАНИЕ КОН НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ.

–ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ

СЕКОЈА ГОДИНА, УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА АКТИВНО СЕ ВКЛУЧУВА ВО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВАЖНИ ДАТУМИ КАКО СВЕТСКИОТ ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ, ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ И МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ. НА ТОЈ НАЧИН ТИЕ ПРИДОНЕСУВААТ КОН РАЗВИВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНА СВЕСТ, ИНКЛУЗИВНОСТ И ЕКОЛОШКА ОДГОВОРНОСТ.

АКТИВНОСТИТЕ НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ПРИ ООУ „КОЧО РАЦИН" СЕ ДОКАЗ ДЕКА КОГА НА УЧЕНИЦИТЕ ИМ СЕ ДАДЕ ПРОСТОР, ДОВЕРБА И ПОДДРШКА – ТИЕ МОЖАТ ДА НАПРАВАТ МНОГУ. НИВНОТО УЧЕСТВО НЕ Е САМО СИМБОЛИЧНО – ТОА Е КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ДЕМОКРАТСКО, ИНКЛУЗИВНО И ОДГОВОРНО УЧИЛИШТЕ. ВЕРУВАМЕ ДЕКА ГЛАСОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ТРЕБА ДА СЕ СЛУША И ПОЧИТУВА, БИДЕЈЌИ ТИЕ НЕ СЕ САМО ИДНИНАТА, ТУКУ И СЕГАШНОСТА НА НАШЕТО ОПШТЕСТВО.

ОДГОВОРНИ ЗА РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА

ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК –МИЛКА К. ШАПКАРОСКА И

СТРУЧЕН СОРАБОТНИК ПСХОЛОГ –САЊА НАКОВСКА







**Одговорен уредник: Милка Кевереска Шапкароска**
**Помошник уредник: Сања Наковска Ристеска**
**Техничка обработка: Јулија Крстева**